СТАНАГ 6001 е тест кој ги оценува јазичните способности по англиски јазик на кандидатите. Тестот е наменет за:

- воениот и цивилниот персонал во Министерството за одбрана и Армијата кој треба да соработува со силите на НАТО во операции предводени од НАТО, со штабови на НАТО или други мултинационални седишта;
- воениот и цивилниот персонал во Министерството за одбрана и Армијата кој треба да биде упатен на вежби, обуки или специјализација во мултинационална средина каде што англискиот јазик се користи во комуникацијата и обуката;
- административните службеници од Министерството за одбрана кои треба да поседуваат одредено ниво на познавање на англискиот јазик согласно посебните работни компетенции за работното место (член 39, став (9) од Закон за административни службеници, „Службен весник на Република Македонија“ број 27/14 и 199/14).

СТАНАГ 6001 тестот ги оценува јазичните вештини на лицата за кои е наменет без оглед на каква било претходна подготовка и јазична обука која ја имале на работното место или надвор од него. Резултатите постигнати на СТАНАГ 6001 тестот се неспоредливи со резултати кои ги добиваат кандидатите на други јазични тестови и се независни од нив. Овој тест не ја мери и не ја оценува професионалната способност на лицата.

СТАНАГ 6001 тестот ги оценува четирите јазични вештини: **слушање, читање, пишување** и **зборување** и секој кандидат добива оценка за секоја вештина одделно. Секој тест е двостепен (Ниво 1 – 2 и Ниво 2 – 3). Кандидатите кои ќе се пријават да се тестираат со тест по СТАНАГ 6001 имаат можност да одберат за кое ниво ќе се тестираат согласно сопствените потреби.

Тестирањето според СТАНАГ 6001 се извршува во две сесии годишно: во април и ноември. СТАНАГ 6001 тимот ги објавува термините за тестирање за секоја сесија два месеци пред спроведувањето на тестирањето – во февруари и септември секоја година, со информации за нивоата кои ќе се тестираат.